# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

**Промоција на И-ХИ Тинк-Тенк и**

**позицискиот документ „Вештачката интелигенција – Меч со две сечила“**

Скопје, 1 мај 2025

Новоформираниот Тинк-Тенк „Интелигентна Хумана Иднина“ (И-ХИ) ќе одржи официјална промоција, заедно со претставување на својот прв позициски документ со наслов **„Вештачката интелигенција – Меч со две сечила“**.

Настанот ќе се одржи на **5 мај 2025 година, во 12:00 часот, во Граѓанскиот ресурсен центар, Бул. Свети Климент Охридски 21, 1000 Скопје во Скопје**.

На настанот ќе се дискутира за можностите и за етичките аспекти на вештачката интелигенција (ВИ), разгледувајќи како оваа технологија може да биде воведена како двигател на напредокот, но истовремено и да служи на човештвото на начин што ќе обезбеди правичност и одржлив развој.

Говорници ќе бидат:

- **Валентин Нешовски** – Експерт за односи со јавност, медиуми и комуникации
- **Тони Поповски** – Политиколог

Дебатата ќе ја отвори Владимир Владимиров, менаџер, експерт во индустријата, претприемач, претседател на Здружение за ВИ на Бугарија.

Покрај нив, на настанот ќе учествуваат **експерти за ВИ, креатори на политики, претставници на граѓанскиот сектор и претставници на ИТ секторот**, кои ќе дебатираат за потенцијалите на ВИ како фактор за **општествен напредок, економска стабилност и зајакнување на заедницата, доколку се управува врз основа на етички принципи и одговорност**.

И-ХИ Тинк-Тенк е посветен на унапредување на **хуманата употреба на вештачката интелигенција**, спречување на социјални нееднаквости поврзани со брзиот технолошки развој и создавање на правни рамки што ќе овозможат праведна имплементација на ВИ во општеството.

- **Локација:** Граѓански ресурсен центар, Бул. Свети Климент Охридски 21, 1000 Скопје
- **Датум и време:** 5 мај 2025, 12:00 часот

**За повеќе информации:**


🌍 www.i-hi.org

📧 ihizdruzenie@gmail.com

📞 +389 70 385102


**И-ХИ Тинк-Тенк – Каде што ВИ им служи на луѓето!**